

ПРАВИЛНИК ЗА НЕФОРМАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ/УЧЕЊЕ

Скопје, 30.12.2019 година

ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
Бр. 03-12-23/1
31.12 2019 год.
СКОПЈЕ 1

Врз основа на чл. 94 од Законот за високо образование („Сл. весник на Р. Македонија“ бр.82/18) и член 72 од Статутот на Европски Универзитет Скопје, Универзитетскиот сенат на 82-та седница одржана на ден 30.12.2019 година, го донесе следниот:

ПРАВИЛНИК

за неформално образование / учење

Член 1

Со овој Правилник се уредува начинот, видот и процесот на организација на неформално образование, односно учење, кое ќе се спроведува во рамките на единиците на Европски Универзитет Скопје (во натамошниот текст: Универзитетот), како и правата и обврските на наставниот кадар и надворешните соработници и учесниците, кои ќе бидат вклучени при спроведувањето на облиците на неформално образование.

Член 2

Под „неформално образование“, односно „учење“ се подразбира процес на изведување на наставни и организациски активности, во форма на курсеви, пролетни и зимски универзитети, школи, работилници, програми за оспособување и други облици на учење, кои не се дел од студиските програми на високото образование и за кои не се издава диплома.

Член 3

Во рамките на Универзитетот ќе се одржуваат различни облици на неформално учење, од сите области, за кои ќе се утврди дека постои интерес за спроведување на наставни активности од ваков вид.

Член 4

Облиците на неформалното образование ќе бидат организирани и спроведени по предходно одобрение на Проректорот за настава и Ректорот на Универзитетот.

Член 5

Организацијата на процесот на изведување на неформалното учење, во смисла на ангажман, овластувања и обврски на наставниот и стручен кадар, кој ќе ја изведува наставата, назначување на одговорни лица, кои ќе раководат со наставните активности, времетраењето на образовниот процес, евиденцијата на кандидати кои ќе ја посетуваат наставата и други слични прашања ќе се регулираат со Одлука за организирање на соодветниот облик на неформално учење, во рамките на единиците, донесена од страна на органите и телата наУниверзитетот.

Член 6

На лицата, кои што редовно ја посетувале и успешно ја завршиле наставата од неформалното образование, ќе им биде издадено уверение или друг документ, потпишан од одговорното лице, кое раководело со наставните активности, како и од овластениот орган на соодветната единицата на Универзитетот, во чии рамки е спроведено учењето.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 7

Автентично толкување на одредбите од овој Правилник дава Универзитетскиот сенат.

Член 8

За измени и доплонувања на Правилникот се спроведува постапка иста како и при негово донесување.

Член 9

Правилникот влегува во сила со денот на неговото донесување, од страна на Универзитетскиот сенат.

:

Претседател наУниверзитетски сенат:

Вонреден професор д-р Љупчо Сотироски

ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ 1 СКОПЈЕ